**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ОСНОВИ НА ЈАВНО ПРАВО

**- ИЗБОРНА -**
**III година**

**ЕКОНОМСКО - ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА**

***Правен техничар***

**Скопје, 2008 година**

## **1**. **ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ**

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ОСНОВИ НА ЈАВНО ПРАВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: правен техничар

1.2.2. Струка: економско - правна и трговска струка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

**1.6.1.** Изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот *основи на јавно право - изборна програма* ученикот стекнува знаења, вештини и се оспособува:

- да ги разбира основите на прекршочното право и прекршочната постапка како посебен вид судска постапка;
- да ги разликува прекршоците од другите видови деликти;
- да пополнува образец за прекршочна пријава;
- да ги објаснува карактеристиките на организацијата и функционирањето на царинскиот систем;
- да ја познава царинската постапка и постапката по царински прекршоци;
- да толкува малолетничка деликвенција;
- да ги разликува видовите кривични санкции кон малолетници;
- да развива професионален однос, доследност, чесност и законитост во извршувањето на задачите во работењето;
- да развива смисла за критичко мислење, комуникација и решавање на проблеми.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини од наставниот предмет *основи на јавно право - изборна програма,* односно за постигнување на поставените цели, потребни се претходни знаења од областа на *конституционото уредување* за I година, *основи на правото* за I година и *основи на јавно право* за II година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПРЕКРШОЧНО ПРАВО** | **12** | ***Ученикот:***<br>- да го разбира поимот прекршок;<br>- да ги разликува видовите прекршоци;<br>- да ги идентификува основните обележја на прекршокот;<br>- да ги разликува начините на извршување на прекршокот;<br>- да ги идентификува извршителите на прекршокот;<br>- да ги идентификува условите за утврдување на одговорност за сторен прекршок;<br>- да ги препознава основите кои ја исклучуваат: одговорноста за прекршок; противправноста на делот; | Дискутирање за разликата меѓу прекршок и кривично дело.<br><br>Презентирање примери на поведенија кои се сметаат за прекршоци.<br><br>Поканување на судија за прекршоци во училиштето.<br><br>Читање на Законот за прекршоци. | 1. Основи на јавно право<br>Тематски целини:<br>- *Управна постапка*<br>- *Кривична постапка* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | казнивоста на извршителот на прекршокот; гонењето;<br>- да ја сфаќа суштината на казнувањето;<br>- да ги класифицира видовите на санкции;<br>- да ги познава заштитните мерки. | | |
| **2. ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА** | **22** | - Да ја разбира прекршочната постапка како посебен вид судска постапка;<br>- да ги идентификува органите што ја водат прекршочната постапка;<br>- да ја сфаќа целта на постапката за порамнување и посредување;<br>- да ги разликува начелата на прекршочната постапка;<br>- да ги разликува странките во прекршочната постапка;<br>- да го објаснува поведувањето на постапката;<br>- да ја објаснува постапката пред прекршочен орган;<br>- да пополнува образец за прекршочна пријава;<br>- да ги објаснува мерките за обезбедување присуство на | Организирање посета на надлежен суд и на прекршочен орган.<br>Прикажување на примери на прекршочни пријави.<br>Прикажување на покани.<br>Симулирање на прекршочна постапка.<br>Разгледување на одлуки, пресуди и решенија од практика.<br>Презентирање шематски приказ на составните елементи на одлука, пресуда и решение во | 1. Основи на јавно право<br>Тематски целини:<br>- *Управна постапка*<br>- *Судска контрола над актите*<br>- *Кривична постапка* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | обвинетиот;<br>- да ги разликува видовите на докази (испитување на обвинетиот, сослушување на сведоци, увид, вештачење, претресување на простории и лица);<br>- да ја објаснува усната расправа;<br>- да ги определува составните делови на одлуката, пресудата и решението;<br>- да ја разбира жалбата како редовен правен лек;<br>- да ги одредува причините за вложување на жалбата;<br>- да ја елаборира постапката по жалбата пред првостепен и пред второстепен орган;<br>- да ги разликува видовите на вонредни правни лекови;<br>- да ги препознава случаите на водење управен спор;<br>- да го објаснува мандатното казнување за сторен прекршок. | прекршочната постапка.<br>Прикажување примероци од жалби.<br>Прикажување примероци од вонредни правни лекови.<br>Презентирање на примери за наплата на казната на самото место. | |
| **3. ЦАРИНСКО РАБОТЕЊЕ** | **12** | - Да го објаснува царинскиот систем на Република Македонија;<br>- да го дефинира поимот | Читање на одредби од Законот за царини. | 1. Основи на јавно право<br>Тематска целина:<br>*- Буџет и даночна* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | царини;<br>- да ги разликува видовите царини;<br>- да ги разбира поимите од царинското работење: царинска тарифа, царинска основица и царинска стока;<br>- да ги објаснува институтите на царинскиот систем: царинско подрачје, царинска линија, царински премини и царински пограничен појас;<br>- да ги идентификува царинските должници (обврзници);<br>- да ги класифицира документите во царинската постапка;<br>- да ја објаснува царинската декларација. | Дискутирање за царините.<br><br>Шематски приказ на видовите царини.<br><br>Презентирање видеоснимки во врска со царинското работење.<br><br>Пополнување на документи и обрасци од царинско работење.<br><br>Проследување примери од практиката на документи во царинска постапка. | *политика* |
| **4. ЦАРИНСКА ПОСТАПКА** | **14** | - Да ја објаснува организацијата на царинската служба;<br>- да ги идентификува надлежностите на царинската служба;<br>- да ги разбира поимите: царинска управа, царинска испостава, отсек, сектор, | Посета на царинарница.<br><br>Презентирање шематски приказ на видовите на царински органи.<br><br>Презентирање | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | служба;<br>- да ги класифицира правата и обврските на царинските службеници во вршењето на нивната служба;<br>- да го објаснува царинскиот надзор;<br>- да ја идентификува улогата на другите државни органи околу царинењето на стока;<br>- да ги разликува видовите на царински складови;<br>- да ја опишува постапката за царинење на стока;<br>- да ја опишува постапката по царински прекршок;<br>- да ги идентификува мерките што се изрекуваат во царинската прекршочна постапка. | видеоснимки за работата на царинските органи.<br><br>Симулирање на релна ситуација - вежба преку играње на улоги (цариник, царински обврзник и полицаец).<br><br>Посета на цариник или друг службеник од царина во училиштето. | |
| **5. МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА** | **12** | - Да го разбира поимот малолетничка деликвенција;<br>- да ги набројува факторите кои предизвикуваат малолетничко престапништво;<br>- да ги објаснува видовите на престапничко однесување на малолетниците;<br>- да ги идентификува | Дебатирање за малолетничка деликвенција.<br>Читање на законски одредби за малолетни сторители.<br>Посета на поправна установа за малолетници. | 1. Основи на јавно право<br>Тематска целина:<br>- *Санкции*<br>- *Тек на кривична постапка* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | категориите на малолетници според казненото законодавство на Република Македонија;<br>- да ги идентификува специфичностите во постапката спрема малолетници;<br>- да ја објаснува потребата од изрекување на санкции на малолетниците;<br>- да ги разликува видовите санкции спрема малолетници;<br>- да го разбира значењето на превенцијата кај малолетници. | Разговор со судија за малолетници. Дискутирање за начините на превенција. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

За реализација на наставата по наставниот предмет о*снови на јавно право - изборна програма* согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни наставни методи се користат: насочено водење на дискусија, решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и др.

*Активности на ученикот*: дискутира, применува правила и законитости, набљудува, пишува, слуша, прибележува, повторува, објаснува, чита, толкува позитивни законски прописи, презентира, открива во група и независно, размислува критички, дава свој суд, работи домашни задачи.

*Активностите на наставникот се*: организира, планира и подготвува настава, дава инструкции за работа, поттикнува дискусии, објаснува, поставува прашања, презентира, оценува и поттикнува на самооценување и креативност од страна на учениците.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет о*снови на јавно право - изборна програма* се изведува преку теоретска и практична настава во училница, организирани посети на органи на државната управа, институции со јавни овластувања, судови и други институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници - стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите, установите, органите, друштвата, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои може да се изведуваат дома и во училиштето. Образовните активности по предметот о*снови на јавно право - изборна програма* се организирани во две полугодија, четири тримесечја и неделен распоред на часовите.

**4.4. Наставни средства и помагала**

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет о*снови на јавно право - изборна програма* треба да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорикордер, видеоленти, компјутерска опрема, ЛЦД проектор, публикации, обрасци, шеми и сл. Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за

учениците, е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, закони и практикуми од соодветни области, коментари на законите.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено - преку тестови на знаења, проектни задачи, писмени извештаи за реализираните активности на учениците, креативноста, постигањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажаниот интерес и активното учество на учениците на часовите.

Доколку ученикот не покаже резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма врз основа на утврдените критериуми за оценување, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали, да соработува со другите наставници, стручни соработници, социјални партнери, стручни институции и установи, да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците, да владее со литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да поседува способност за примена на современа образовна технологија, да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување; да е комуникативен и креативен.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по право, со здобиена педагошко- психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард за простор**

За реализација на наставната програма по *основи на јавно право - изборна програма* ќе се користи училница или кабинет опремен со наставни средства, помагала и опрема согласно нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група:**

- Елизабета Јовановска - Радановиќ, раководител, советник, Центар за стручно образование и обука - Скопје
- Радмила Куцуловска, наставник, СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен“ - Скопје
- Снежана Бриндевска, наставник, СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен“ - Скопје
- Благојче Кипровски, извршител „Благојче Кипровски“ - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**8.1. Датум на започнување:** 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *основи на јавно право - изборна програма* ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 07-4135/1 од 23.05.2008 година.